МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# ТАРИФНИК
за висината на трошоците за полагање на стручниот испит за безбедност при работа

Скопје, октомври 2015 година

Врз основа на член 17- ќ став (2) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15 и 137/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ТАРИФНИК
## за висината на трошоците за полагање на стручниот испит за безбедност при работа

Член 1

Со овој тарифник се пропишува висината на трошоците за издавање на уверение за положен стручен испит за безбедност при работа.

Член 2

Трошоците од член 1 се плаќаат најдоцна 15 дена пред денот определен за спроведување на стручниот испит, во спротивно на кандидатот не му се дозволува полагање на стручниот испит.

Член 3

Жиро сметката за уплатување на средствата ке биде објавена на Веб страните на Министеството за труд и социјална политика и на Веб страната на Државниот инспекторат за труд.

Член 4

Висината на трошоците за полагање на стручниот испит за безбедност при работа изнесуваат 6.000 денари.

Член 5

Овој Тарифник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 08-9377/1
13 октомври 2015 година
Скопје

Министер за труд и
социјална политика,
Диме Спасов, с.р.